ADING

# ХИДРОГЛЕТ-Ф

*Смеса за израмнување на надворешни фасадни површини, произведена на цементна основа*

## Област на примена:

За фино израмнување (глетување) на надворешни малтерисани површини или површини од "натур бетон".

## Својства:

- сива прашкаста смеса;
- добра адхезија и цврстина;
- отпорна на мраз и други атмосферски влијанија;
- едноставен за приготвување и изведба;
- економичен;
- еколошки;

## Подготовка на подлогата:

Подлогата треба да биде здрава, обезмастена, обеспрашена, чиста и претходно испрана со вода. По потреба, кај недоволно цврсти подлоги потребно е да се нанесе претпремаз подготвен со Врска-У.

## Вградување:

На 1 кг Хидроглет-Ф со постојано мешање се додава 350 - 400 милилитри вода. Се меша до потполна хомогенизација. Потоа мешавината се остава да мирува до 20 мин. Повторно се замешува и се вградува со глетарка или шпахтла во повеќе слоеви, во зависност од видот на завршната обработка.
Оптималната температура при вградување е 10°С до 35°С. Нанесената смеса треба да се штити од дожд, силен провев и мраз во период од 24 часа од нанесувањето.

## Потрошувачка:

| | |
|---|---|
| За слој од 1,0 мм. | 1,5 кг/м$^2$ |

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по неговата употреба.

## Пакување:

| | |
|---|---|
| Во натрон вреќи | од 5 и 25 кг. |

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории на температура од +5°С до +35°С. Рок на употреба: 12 месеци.

СМЕСИ ЗА ИЗРАМНУВАЊЕ

Опасност по здравјето:
Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата и вдишување на прашкастиот материјал. Материјалот не е токсичен, но при инцидентен контакт, во случај да се контаминираат површини на кожата, истите места треба веднаш да се измијат со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош.
Пожар:
Хидроглет-Ф е незапалив.
Чистење и депонирање:
Неврзани остатоци од Хидроглет-Ф се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжително примена на адекватна опрема.

ADING
Новоселски пат бб,
1000 Скопје, Р.Македонија,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840,
2034 822, Факс: 2034 821

ading@mt.net.mk,
www.ading.com.mk

**Србија**
*АДИНГ*
*Белград*
*Тел: 381 11 2279 338*

**Бугарија**
*АДИНГ-Бугарија*
*Софија*
*Тел: 359 2 9555388*

**Русија**
*Вегамаркет плус*
*Москва*
*Тел: 7 495 3716436*

**Казахстан**
*ТОО Алфар*
*Алма Ата*
*Тел: 732 72 40 1688*

**Унгарија**
*АДИНГ Х Кфт.*
*Будимпешта*
*Тел: 36 29 367 457*

**Грција**
*АДИНГ-Хелас*
*Солун*
*Тел: 30 23 10569130*

**Хрватска**
*АДИНГ-ХР*
*Сплит*
*Тел: 385 98 9833 020*

**Романија**
*КРАЛЕКС*
*Букурешт*
*Тел: 40 21 3509018*

**Украина**
*Солис Компани*
*Киев*
*Тел: 380 44 4070963*

**БиХ**
*ПРОХЕМА*
*Брчко*
*Тел: 387 49 240400*

**Црна Гора**
*Ѓуришиќ и Кум*
*Бар*
*Тел: 382 85 341699*

*Изолими*
*Приштина*
*Тел: 381 38 563280*